Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
O M B U D S M A N
Republic of Macedonia

НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
ул. „Димитрие Чуповски" бр. 2
1000 Скопје

# П Р Е Т С Т А В К А

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ**

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ ______ МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ ______

АДРЕСА ______ ТЕЛЕФОН ______

ПРИПАДНИК НА ЗАЕДНИЦА ______

ПОЛ: М Ж ______ ВОЗРАСТ ______

ПРОФЕСИЈА ______ ДРЖАВЈАНСТВО ______

ОРГАН ИЛИ ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА ПРЕТСТАВКАТА

______

ИМЕ, ПРЕЗИМЕ И ФУНКЦИЈА НА СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ КОЕ ГО ПОВРЕДИЛО ПРАВОТО НА ПОДНОСИТЕЛОТ

______

ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ НАВЕДЕТЕ ГИ ПОДАТОЦИТЕ ЗА АКТОТ (РЕШЕНИЕ, ЗАКЛУЧОК И СЛ.) СО КОИ ВИ Е ПОВРЕДЕНО ПРАВОТО ИЛИ ОПИШЕТЕ ГО ДЕЈСТВИЕТО СО КОЕ ВИ Е НАНЕСЕНА ПОВРЕДАТА

______

## КАКО ДА СЕ ОБРАТИТЕ ДО НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ?

Ако е потребна помош од Народниот правобранител, можете да се обратите лично во канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје, како и во подрачните канцеларии во: Тетово, Кичево, Штип, Струмица, Куманово и Битола, по телефон, по пошта, телефакс или по електронска пошта.

**Јазикот не претставува пречка за комуникација со Народниот правобранител. Со него можете да комуницирате на кој било јазик и писмо. Народниот правобранител одговара на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмо што го употребил подносителот на претставката.**

## ШТО МОЖЕ НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ДА НАПРАВИ?

Народниот правобранител дава препораки, мислења и сугестии до органите на државната управа и органите и организациите со јавни овластувања.

Тие треба да ги почитуваат препораките, мислењата и сугестиите на Народниот правобранител затоа што за нивното непочитување Народниот правобранител ќе го извести министерот, Владата, Собранието и на јавна критика ќе го изложи секој надлежен орган или службено лице кои сториле повреда на правото на граѓанинот.

## ШТО НЕ МОЖЕ НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ДА НАПРАВИ?

Народниот правобранител не може да го замени судот. Тој нема право да казнува и не може да менува судски одлуки.

## ШТО ОТКАКО ЌЕ ПОДНЕСЕТЕ ПРЕТСТАВКА?

Доколку оцени дека претставката е основана Народниот правобранител покренува постапка за чиј тек го известува подносителот, но ако претставката е неоснована се отфрла.

**Постапувањето на Народниот правобранител по поднесени претставки е бесплатно.**

**КОНТАКТ:**

**Кај Народниот правобранител можете да се обратите секој работен ден од 8 до 16 часот.**

По телефон и телефакс во:

Скопје: тел. 02 3129-335 / факс. 02 3129-359
Струмица: тел. 034 329-996 / факс. 034 329-997
Кичево: тел. 045 228-586 / факс. 045 228-584
Тетово: тел. 044 344-082 / факс. 044 344-083
Битола: тел. 047 242-310 / факс. 047 242-510
Штип: тел. 032 389-701 / факс. 034 389-700
Куманово: тел. 031 431-488 / факс. 031 431-520

По пошта или лично на адреса:

**Скопје:** ул. "Димитрие Чуповски" бр. 2 (зграда на ГП "Пелагонија")
**Струмица:** ул. "Балканска" бр. 18 (зграда на ЕВН)
**Кичево:** ул. "Булевар Ослободување" б.б. (зграда на Кјуби-Македонија)
**Тетово:** ул. "Илинденска" бр. 85
**Битола:** ул. "Јане Сандански" б.б. (зграда на Кјуби-Македонија)
**Штип:** ул. "Тошо Арсов" б.б. (зграда на Кјуби-Македонија)
**Куманово:** ул. "11 Октомври" б.б. (зграда на Македонска пошта)

**Електронска пошта: contact@ombudsman.mk**

**Веб страна: www.ombudsman.mk**



# НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА



Децата имаат свои права, а дете е секое човечко суштество кое има помалку од 18 години. Како дете треба да знаеш дека:

*Почитувањето на твоите права не ја намалува улогата на родителите во твојот живот, туку им налага обврска да ти обезбедат соодветно остварување на сите права.*

### Кои и какви права имаш?

**Право на живот.** Со самото раѓање имаш право на живот. Животот е неприкосновен, а државата е должна да ти обезбеди безбеден опстанок и развој.

Треба да живееш со твоите родители и не треба да бидеш одвоен од нив, освен ако судот одлучи поинаку кога тоа е за твој најдобар интерес, односно ако твоите родители те повредуваат и запоставуваат.

Родителското право и грижата за тебе им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво и тие треба да прават се што е најдобро за тебе, а ти треба да ги почитуваш и да им помагаш.

И кога не живеат заедно твоите родители се должни двајцата да се грижат за тебе и заеднички да те издржуваат, воспитуваат и образуваат.

Ако твоите родители не живеат заедно имаш право да се гледаш со двајцата родители и да одржуваш лични врски со родителот кај кого не живееш, освен ако тоа не е штетно за твојот развој и твоите права и интереси.

Центарот за социјална работа се грижи за тоа како твоите родители го вршат родителското право.

Забрането е насилство меѓу членовите на семејството и државата е должна да те заштити ако врз тебе се врши насилство од некој член во семејството.

**Право на опстанок, растење и развој.** Треба да ти се обезбедат услови и можности за нормален опстанок, растење и развој и соодветен животен стандард за што децата уживаат посебна заштита не само од родителите, туку и од државните институции.

Ако твоите родители не се грижат за тебе или немаш родители државата ќе ти обезбеди соодветна грижа.

Ако треба да си посвоено мора да се води грижа што е најдобро за тебе.

**Право на недискриминација.** Имаш исти права како и другите деца без оглед од која раса си, дали си машко или женско, на кој јазик зборуваш, на која вера и етничка заедница припаѓаш, без оглед кои се и што се твоите родители, дали се богати или сиромашни, дали си способно или со недостатоци, независно од каде потекнуваш.

**Право на најдобар интерес на детето.** За сите активности што се однесуваат на тебе возрасните и институциите мора да водат сметка што е најдобро за децата.

**Право на твое учество и мислење.** Имаш право на сопствено мислење за прашањата што се однесуваат на тебе.

**Право на име, етничка припадност и државјанство.** Имаш право на име, етничка припадност и државјанство, како и да знаеш кој си и од каде си. Твоето раѓање и твоето име се запишуваат во матичната евиденција.

**Право на образование.** Имаш право и должност да завршиш основно образование под еднакви услови врз основа на еднакви можности. Основното образование треба да е бесплатно. Во училиштата не смееш да бидеш физички и психички малтретиран, но должен си да ги почитуваш редот и дисциплината. Во училиштето треба да се развијат твоите способности и талент и да се подготвиш за одговорен живот во мир, толеранција и разбирање.

**Право на заштитата на твоето здравје.** За да бидеш здраво и способно дете имаш право на највисоко ниво на здравствена заштита.

**Право на одмор, слободно време и рекреација.** Имаш право на одмор и на слободно време, на игра и рекреација и право слободно да учествуваш во културниот живот и уметноста.

**Право и слобода на вероисповед.** Имаш право слободно да се изјасниш за својата вероисповед и слободно да го изразуваш убедувањето, но со тоа не треба да ги повредуваш чувствата и правата на другите.

**Право и слобода на здружување.** Можеш слободно да се здружуваш во здруженија со други деца преку кои ќе остварувате одредени права и ќе го искажете вашето мислење за одредени прашања што ве засегаат. Но со тоа не треба да го нарушувате јавниот ред и безбедноста и да ги повредувате правата на другите.

**Право на заштита на приватноста.** Имаш право на своја приватност. Не смее да бидеш изложен на самоволно и незаконско мешање во приватниот и семејниот живот, во домот и во твојата преписка и никој нема право да го повредува твојот углед и твојата чест.

**Права на дете со пречки во развојот.** Ако имаш пречки во развојот ги имаш сите права како и другите деца, уживаш целосен и достоен живот, имаш право на активно учество во општествената заедница и на посебна грижа и заштита од државата.

**Права на децата од различна етничка припадност.** Како припадник на различна заедница имаш право слободно да ги изразуваш, негуваш и развиваш твојот идентитет и особеностите на твојата заедница, а во основното и средното образование имаш право на настава на твојот јазик.

**Право на посебна заштита.** Секое дете има право на посебна заштита од:

- злоупотреба и запоставување;
- вооружени конфликти;
- експлоатација за работа која не одговара на нивната возраста;
- дрога и алкохол;
- сексуална злоупотреба;
- продажба, препродавање и киднапирање;
- мачење, нечовечко однесување, свирепост или понижувачки постапки и казни.

### ЗАШТИТА НА ТВОИТЕ ПРАВА ОД НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Доколку надлежните органи не постапат по барањата за остварување и заштита на твоите права, ако постапката предолго трае, се повредуваат твоите права или не ти се обезбеди заштита можеш да се обратиш до Народниот правобранител.

### ШТО Е НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ?

Народниот правобранител е независен орган утврден со Уставот. Основан е во јули 1997 г. и постапува согласно Законот за народен правобранител.

### КОЈ Е НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ?

Народен правобранител е Иџет Мемети, дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство над 20 години како секретар на Владата на Република Македонија, министер за правда и судија на Уставниот суд на Република Македонија.

### ШТО РАБОТИ НАРОДНИОТ ПРАВОБРА-НИТЕЛ?

Народниот правобранител посредува помеѓу граѓаните и органите на државната управа, локалната самоуправа и органите со јавни овластувања заради заштита на правата на граѓаните и примена на законите.



НАВЕДЕТЕ КОИ ПРАВНИ СРЕДСТВА СТЕ ГИ ВЛОЖИЛЕ (ДО КОЈ ОРГАН И КОГА)

ПРИЛОГ (ДОКАЗ)

ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ БЕВТЕ ПРИМЕНИ ОД (ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА СЛУЖБЕНИКОТ):

ДАТУМ

ПОТПИС НА ПОДНОСИТЕЛОТ